ПЕРК РЕВИЗИЈА
Пелагониска Ревизорска Куќа

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16-4 2 кат
7500, П р и л е п
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138;
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk



# До РЖ Економика АД Скопје

## Понуда за ревизија на финансиски извештаи

**за 2023**

**Прилеп, април 2023 година**



**До**

**Раководството на РЖ Економика АД Скопје**

**Предмет: Понуда на ревизорски услуги за 2023 година**

Почитувани,

Најнапред Ви изразуваме благодарност околу можната соработка на планот на ревизија на Вашите финансиски извештаи. Ние Ви благодариме што во 2023 година преку взаемни контакти ни доставивте соодветни информации за финансиската состојба и за успешноста во работењето на Вашето друштво.

Поради одржување на континуитет во меѓусебното информирање, се одлучивме да Ви доставиме понуда за ревизија на Вашите финансиски извештаи за 2023 година. Од доставените податоци и обавените разговори, разбравме дека Ви се потребни ревизорски услуги во врска со ревизија на Вашите финансиски извештаи за годината којашто завршува на 31 декември 2023. Ревизорските услуги ќе бидат извршени во согласност со Законот за ревизија, Меѓународните стандарди за ревизија применливи во РСМ и Меѓународните сметководствени стандарди прифатени во РСМ. Меѓународните стандарди за ревизија бараат да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Долгогодишното искуство и стручноста во областите на сметководство, финансии и ревизија, потврдуваат дека сме подготвени да одговориме на Вашите потреби. Целосно Ви стоиме на располагање за дополнителни информации и усогласувања на елементите од оваа понуда.

Сакаме да Ви укажеме на тоа дека како ревизорска куќа која постои од 1999 година ние сме специјализирани и стручни за вршење на ревизија. Долго годишното искуство и стекнатото знаење ни овозможуваат да Ви ги обезбедиме сите побарани услуги од Ваша страна на одговорен и ефикасен начин.

Веруваме дека ќе ни ја укажете Вашата доверба и Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп ќе биде избрана како Ваш ревизор. Доколку Ви се потребни дополнителни информации слободно можете да не контактирате**.**

**Профил на друштвото**

Друштвото за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп е основано во 1999 година во Прилеп како прво дисперзирано друштво за ревизија во Република Северна Македонија надвор од градот Скопје. Привремената дозвола за работа добиена согласно одредбите од Законот за ревизија од 1997 година, во 2003 година е заменета со трајна дозвола добиена од Министерството за финансии заведена под бр. 07-17753/1 од 05.09.2003 година. Друштвото за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп е регистрирано како ДООЕЛ, со двајца вработени овластени ревизори, со петмина други вработени лица како асистенти – ревизори и со надворешни соработници овластени ревизори ангажирани како

членови на тимот или како проверувачи на контрола на квалитет. Со друштвото управува управител. Управител на друштвото е овластениот ревизор, дипл. ек. Пецко Ристески. Управителот ги организира вработените и надворешните соработници за навремено и ефикасно извршување на обврските при изработка на ревизорските извештаи.



Поопширно за профилот на Друштвото, може да се види на следниот линк: http://perk.com.mk/

**Нашиот тим**

**Пецко Ристески**

Тел. 070/208-138

risteskipecko@t.mk

**Овластен ревизор, Управител**
Дипломиран економист, овластен ревизор со Лиценца за работа бр.96 за вршење на работи на ревизија. Уверение за овластен сметководител бр. 106785; Уверение за положен испит за проценувач од областа на машини и опрема број 15-7731/2; Лиценца за вештачења од областа на материјално, сметководственото и финансиското работење;
Работно искуство во ревизија над 15 години.

**Грозда Костадинова**

Тел. 071/309-220

grozda_kostadinova@yahoo.com

**Овластен ревизор**
Дипломиран економист – магистер од областа на сметководство, финансии и ревизија, овластен ревизор со Лиценца за работа бр.104 за вршење на работи за ревизија. Уверение за овластен сметководител бр. 105093; Уверение за положен испит за проценувач од областа на машини и опрема број 15-7735/2; Решение за постојан судски вештак од областа на финансиско – сметководствен менаџмент број 03-164/07; Решение за давање дозвола за работење на брокер број 07-2507/4; Уверение за положени испити од втор циклус на МБА – менаџмент;
Работно искуство во ревизија над 16 години.

**Сузана Василоска Ѓорчески**
Тел. 075/388-332

suzanavasiloska@perk.com.mk

**Помошник ревизор**
Дипломиран економист од областа на сметководство, финансии и ревизија со Уверение за овластен сметководител бр. 107769.
Работно искуство во ревизија над 8 години

**Анита Кузманоска**
Тел. 071/989-543

anitakuzmanoska@perk.com.mk

**Помошник ревизор**
Дипломиран економист од областа на сметководство, финансии и ревизија со Уверение за овластен сметководител бр. 107771.
Работно искуство во ревизија над 8 години

**Теодора Ристеска**
Тел. 076/716-458
teodoraristeska@perk.com.mk

**Помошник ревизор**
Дипломиран економист и Магистер по сметководство финансии и ревизија.
Работно искуство во ревизија над 5 години

За квалитетно обавување на својата дејност друштвото покрај постојано вработените лица ангажира и надворешни соработници (соодветно квалификувани надворешни лица со звање овластени ревизори и универзитетски професори од областа на сметководството, финансиите и ревизијата).



**Гордана Витанова**

vitanova04@yahoo.com

**Овластен ревизор – соодветно квалификувано надворешно лице**
Доктор и Професор по економски науки од наставните дисциплини сметководство, финансии и ревизија, овластен ревизор со Лиценца за работа бр.119 за вршење на работи на ревизија.
Со едукативно и практично работно искуство во ревизија над 20 години;

**Навремени и сеопфатни услуги**

Сите наши услуги ќе Ви ги обезбедиме согласно договорената временска рамка, односно согласно потпишаниот договор. Ќе одржуваме редовна комуникација со Вас за целосно да бидете информирани за текот и напредокот на ревизијата. Нашата цел е да Ви обезбедиме навремени и сеопфатни услуги. Во таа смисла, раководителот на ревизорскиот тим нема само да го води тимот во реализација на ревизијата обезбедувајќи највисок квалитет и ефикасност, туку постојано ќе му биде достапен на Вашето раководство. Исто така ќе Ви бидат достапни и сите членови на ревизорскиот тим.

**Ревизорски услуги**

Примарната цел на ревизијата е да обезбеди независно мислење за Вашите финансиски извештаи.

Пред да започнеме со ревизијата ќе биде потребно да ни ги обезбедите следните информации:

- Статутарни, договорни и регулаторни одредби за основната дејност на клиентот;
- Системот на внатрешна организација на клиентот;
- Сметководствени политики;
- Менаџмент, систем на контрола и известување;

Потоа, ќе биде потребно клиентот да ни обезбеди официјални финансиски извештаи за периодот кој е предмет на ревизија издадени во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија, кои ќе ни послужат како основа во подготовката на ревизорскиот пристап и утврдување на областите на ризик.

Во текот на планирањето и извршувањето на ревизијата, ние ќе спроведеме низа постапки кои го прикажуваат нашиот ревизорски пристап а кој ги покрива следните области:

- Стратегија на ревизијата, планирање и известување;
- Обем и материјалност;
- Контрола и координација;
- Постапување со критични прашања и
- Известување.



**Стратегија на ревизијата, планирање и известување**

Во стратегијата на ревизијата ќе го усвоиме пристапот базиран на ризици. Овој пристап вклучува детална проценка на ризиците и оценка на воспоставените внатрешни контроли за ублажување на истите. За да го постигнеме тоа бараме:

- Да се развие цврсто разбирање за Вашиот бизнис и неговите ризици како и начинот на кој тие можат да се ублажат и контролираат;
- Да се изгради цврст однос помеѓу Вашиот менаџерски тим и нашиот ревизорски тим.

Клучен елемент во нашиот пристап е да се постигне согласност за Вашите очекувања од ревизијата уште во нејзината најрана фаза. Ова пак значи дека клучните ризици се идентификувани и третирани уште на самиот почеток. Во фазата на планирање ќе разговараме и ќе се договараме за конкретни прашања, вклучувајќи ги и роковите за известување.

Пред да започнеме со теренската работа, ќе разговараме за нашиот ревизорски пристап во детали, наведувајќи го нашиот пристап во областите каде се идентификувани ризици, основот за утврдување на материјалност, тимот и распоредот на работа. Исто така ќе Ви биде доставен и список на документи и информации кои треба да ни ги доставите. На овој начин ќе бидеме сигурни дека ги поседуваме сите информации потребни за ефикасно и беспрекорно вршење на ревизорските услуги, дека Вие располагате со доволно податоци и релевантни информации и дека тоа не влијае на Вашиот дневен обем на работа.

**Обем и материјалност**

Нашата ревизија ќе се спроведе во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија издадени од Меѓународната федерација на сметководители а кои се во примена во Република Северна Македонија и ќе вклучи тестови на трансакции и салда какви што сметаме дека се неопходни и потребни. Во спроведувањето на ревизијата, посебно внимание ќе посветиме на трансакциите и ставките кои го надминуваат соодветното ниво на материјалност. Кога оценуваме дали финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика, ја земаме во предвид и материјалноста на збирот на сите не коригирани погрешни прикажувања утврдени во текот на ревизијата.

**Контрола и координација**

Целокупната координација помеѓу Вас и ревизорскиот тим е одговорност на раководителот на ревизорскиот тим кој воедно е и одговорен за ревизорскиот ангажман, чија задача е да го следи напредокот на ревизорскиот ангажман и да Ве известува за евентуалните отстапувања од планираниот распоред на работа. Проверката на ревизорската документација се врши континуирано и е составен дел на постапката за контрола на квалитет и служи да се идентификуваат отворените прашања кои произлегуваат од ревизијата уште во нејзината рана фаза.

**Постапување со критични прашања**

Со правилно планирање и со детални постапки за проценка на ризиците би требало да ги идентификуваме најголемиот број од потенцијално критичните прашања. Ние сакаме секогаш да разговараме за отворените прашања коишто можат да се појават во текот на ревизијата, а



не да го чекаме завршувањето на теренскиот дел од работата. Раководителот на тимот секогаш ќе биде запознаен со критичните прашања кои ќе произлезат во текот на ревизијата. Раководителот на ревизорскиот тим ќе одлучи како ќе се постапува по критичните прашања и ќе Ве извести за било каква загриженост во врска со истите. Ревизијата претставува процес кој подразбира дневна комуникација помеѓу Вас и сите членови на ревизорскиот тим на Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп, како и Ваше редовно запознавање со нејзиниот напредок.

**Известување**

Откако процесот на ревизија ќе заврши, ќе одржиме состанок со Вашиот сметководствен и финансиски тим за да ги разгледаме евентуалните отворени прашања и клучните наоди. Потоа очекуваме да се состанеме со органот на управување или со управителот, да разговараме за ревизијата и за евентуалните отворени прашања во финансиските извештаи и, ако е значајно, за евентуалните системски слабости. Ќе ве известиме за прашањата каде сме примениле проценки, за деталите како сме се справиле со идентификуваните ризици како и за не коригираните погрешни прикажувања. Според нашите стандарди за работа по завршувањето на ревизијата ќе пристапиме кон изработка на Нацрт ревизорски извештај. Составен дел на Нацрт ревизорски извештај е нашето мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на друштвото.

Целокупниот процес на известување, вклучувајќи го доставувањето на подготвениот Нацрт ревизорски извештај, односно на конечен ревизорски извештај планираме да го завршиме најдоцна до крајот на мај 2024 година.

**Цена на понудата**

Нашиот надоместок е пресметан врз основа на предвиденото време кое треба да биде вложено од страна на раководителот на тимот и останатиот персонал за комплетно завршување на ревизијата. Спрема прелиминарниот ревизорски план, работните саати на раководителот и членовите на ревизорскиот тим се распоредени на:

| Временски план на активности | | |
|---|---|---|
| Активности | Временски план на активности (во часови) | |
| | во текот на 2023 година | во текот на 2024 година |
| Запознавање со актуелности во работењето на друштвото | 1 | 1 |
| Преглед на периодични и годишни финансиски извештаи | 1 | 2 |
| Тестирање на интерните контроли | 4 | 3 |
| Изработка на ревизорска стратегија и ревизорски план | 2 | 2 |
| Состаноци со раководството на друштвото | 2 | 4 |
| Ревизија на нетековни средства | 2 | 3 |
| Ревизија на парични средства | 1 | 2 |



| | | |
|---|---|---|
| Ревизија на побарувања од купувачите | 2 | 5 |
| Ревизија на залихи | 4 | 4 |
| Ревизија на обврски спрема добавувачи, кредитори и сл. | 2 | 5 |
| Писма за комуницирање со менаџментот | 1 | 2 |
| Подготвување на нацрт и конечен ревизорски извештај | - | 5 |
| **Вкупно:** | **22** | **38** |

Врз основа на претходната табела и потребните активности како и цената по час определена согласно упатствата и препораките на ИОРРСМ и специфичностите од работењето на Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп, надоместокот за ревизорските услуги изнесува:

| | **Надоместок во Евра** |
|---|---:|
| Ревизија на финансиски извештаи | **1.800** |
| ДДВ | **324** |
| **Вкупно:** | **2.124** |

Надоместокот би се платил во денари според курсот за еврото на денот на фактурирањето објавен од страна на НБРСМ. Согласни сме исплатата на средствата да се изврши по предавањето на ревизорскиот извештај.

**Претпоставки**

Нашата понуда:

- Претпоставува дека од Ваша страна ќе ни бидат документирани и обезбедени сите барани информации вклучувајќи ја нацрт и конечната годишна сметка и сета друга поткрепувачка документација;
- Претпоставува дека нема да се појават значајни неочекувани прашања и состојби во текот на ревизијата и
- Исклучува секакви исплати на експерти.

**Дополнителна работа**

За било која дополнителна работа заедно со Вас ќе ги усогласиме условите на ангажманот и ќе Ве известиме за висината на проценетиот надоместок.

**Идни години**

Контролата на трошоците е важна работата поради тоа од голема корист е информацијата за висината на нашиот надоместок не само за првата година, туку евентуално и за наредните години. Доколку бидете заинтересирани за ревизија, надоместокот за наредните години би се договарал со Вас однапред, а неговата висина ќе зависи од измените во опфатот на нашата работа или од значајните измени во нивото на Вашите деловни активности.



**Референтна листа**

Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп во изминатите две децении (1999 – 2023 година) има вршено или сеуште врши ревизија покрај другите и во следниве друштва:

**Законска ревизија – приватен сектор**:

| Ред. бр. | Име на друштвото | Дејност |
|---|---|---|
| 1. | Металец АД Битола | Производство |
| 2. | Тутунски Комбинат АД Прилеп | Производство |
| 3. | Витаминка АД Прилеп | Прехранбена индустрија |
| 4. | Печатница 11 Октомври АД Прилеп | Производство |
| 5. | Фабрика за квасец и алкохол АД Битола | Производство |
| 6. | ГП Пелистер Битола | Градежни услуги |
| 7. | Транскоп – Патнички сообраќај АД Битола | Патнички услуги |
| 8. | Печатница Киро Дандаро АД Битола | Услуги |
| 9. | Димко Митрев АД Велес | Производство |
| 10. | Мак Промет АД Штип | Производство |
| 11. | САСА – ДООЕЛ Македонска Каменица | Производство |
| 12. | Крин Производство ДОО Прилеп | Производство |
| 13. | Еурофарм ДООЕЛ Битола | Трговија |
| 14. | Сигурносно стакло АД Прилеп | Трговија |
| 15. | Футура ДОО Прилеп | Трговија |
| 16. | Салида Петрол ДООЕЛ Прилеп | Услуги, трговија |
| 17. | Еурогејмс ДООЕЛ Охрид | Услуги |
| 18. | Крин КГ ДОО Прилеп | Производство |
| 19. | Ламинати ДОО Прилеп | Производство, трговија |
| 20. | Интерворкс ДОО Битола | Услуги |
| 21. | Отпад ДОО Охрид | Трговија |
| 22. | ПЗУ Плодност Битола | Услуги |
| 23. | СВ Инвест ДОО Битола | Трговија, услуги |
| 24. | Битексимо ДООЕЛ Битола | Трговија, услуги |
| 25. | УниРојал ДООЕЛ Прилеп | Трговија |
| 26. | Викторија Табако ДООЕЛ Прилеп | Трговија |
| 27. | Клуб Спорт ДОО Битола | Услуги |
| 28. | Андонов ДООЕЛ Свети Николе | Трговија |
| 29. | Прилепска Пиварница АД Прилеп | Производство |
| 30. | Викторија Табако ДООЕЛ Прилеп | Трговија |
| 31. | Рудници и услуги АД Скопје | Услуги |
| 32. | Арини Фешн ДООЕЛ Прилеп | Производство |

**II) Законска ревизија – Јавни претпријатија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ЈП Стрежево Битола | Услуги, производство |
| 2. | ЈП Службен Весник на РМ Скопје | Услуги |
| 3. | ЈКП Комунална хигиена Скопје | Услуги |
| 4. | ЈП Злетовица Пробиштип | Услуги, производство |
| 5. | ЈП Агроберза Скопје | Услуги |
| 6. | ЈП Комуналец Битола | Услуги |
| 7. | ЈП Комуналец Прилеп | Услуги |
| 8. | ЈП Комуналец Кавадарци | Услуги |
| 9. | ЈП Македонија пат Скопје | Услуги |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | ЈПВ Лисиче Велес | Услуги |



### III) Ревизија на проекти

| | |
|---|---|
| 1. | Олоф Палме |
| 2. | Македонски Културен Центар Битола |
| 3. | Центар за социјална работа Прилеп |
| 4. | Центар за социјална работа Македонски Брод |
| 5. | Совет за превентива против малолетничка деликвенција Кавадарци |
| 6. | Општина Новаци |
| 7. | Општина Неготино |

Прилеп, април 2023 година

**Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ**
**Прилеп**
Управител

Пецко Ристески